# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

**Број 7** **Вторник, 27 Август 2024** **Демир Капија**

**1442 Демир Капија, ул.Маршал Тито бр.15Б тел/факс: (+389 43) 366 212, e-mail: opstinadk@yahoo.com**

## С О Д Р Ж И Н А


1. *Одлука за изменување и дополнување на одлуката за одржување на панаѓур во град Демир Капија.......*
2. *Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Демир Капија.........................................................................................................................................*
3. *Одлука за резервирани средства во Буџетот на Општина Демир Капија за експропријација на земјиште за градење објект од јавен интерес од локално значење.............................................................*
4. *Програма за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2024 година......................................................................................................................*
5. *Решение за именување на членови на Општински совет за социјална заштита.....................................*
6. *Решение за изменување на решението за именување на Командант, Началник и членови на Општинскиот штаб за заштита и спасување......................................................................................*
7. *Решение за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природна непогода – град на територијата на Општина Демир Капија........................................................*
8. *Заклучок за донесување на Годишна програма за работа на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија за учебната 2024/2025 година........................................................................................................................*
9. *Решение за одобрување еднократна финансиска помош на КАЈАКАРСКИ КАНУ КЛУБ ПРОСЕК Демир Капија......................................................................................................................................................*
10. *Решение за одобрување на еднократна парична помош.................................................................................*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за изменување и дополнување на одлуката за одржување на панаѓур во град Демир Капија**

Се објавува Одлука за изменување и дополнување на одлуката за одржување на панаѓур во град Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 26.08.2024 година.

Број 09–521/1
27.08.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), Советот на Општина Демир Капија на 37-та седница одржана на ден 26.08.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За изменување и дополнување на одлуката за одржување на панаѓур во град Демир Капија**

**Член 1**

Во Одлуката за одржување на панаѓур во град Демир Капија бр.08-610/3 од 22.08.2023 година ("Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.8/2023) во член 2 став 1 алинеја 1 по зборовите: "Плоштад во Демир Капија" се додаваат зборовите: "(графички прилог)"

**Член 2**

Членот 4 се менува и гласи:
"За користење на просторот определен во член 2 став 1 алинеја 1 од одлуката, за поставување на урбана опрема - тезги, се наплаќа еднократен надоместок (за деновите 27 и 28) во износ од 900,00 денари/м.

За користење на просторот определен во член 2 став 1 алинеја 2 од одлуката, за поставување на урбана опрема - тезги, се наплаќа еднократен надоместок (за деновите 27 и 28) во износ од 600,00 денари/м.

Одбележување и нумерирање на локациите за поставување на урбана опрема – тезги и наплата на надоместокот од став 1 и 2 на овој член ќе врши ЈКП БОШАВА Демир Капија.

Средствата од надоместокот се приход на ЈКП БОШАВА Демир Капија".

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 507/3
26.08.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Демир Капија**

Се објавува Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 26.08.2024 година.

Број 09–521/2
27.08.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 23 став 3 од Законот за угостителска дејност ("Службен весник на РМ" бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и ("Службен весник на РСМ" бр.31/20), Советот на Општина Демир Капија на 37-та седница одржана на 26.08.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Демир Капија

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши продолжување на работното време на угостителските објекти

кои работат на подрачјето на Општина Демир Капија, за време од два часа од регистрираното работно време на угостителскиот објект.

**Член 2**

Продолжувањето на работното време од два часа, важи од 27.08.2024 година до 28.08.2024 година, за време на одржувањето на Демиркапискиот панаѓур по повод празникот Голема Богородица.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 507/4
26.08.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за резервирани средства во Буџетот на Општина Демир Капија за експропријација на земјиште за градење објект од јавен интерес од локално значење**

Се објавува Одлука за резервирани средства во Буџетот на Општина Демир Капија за експропријација на земјиште за градење објект од јавен интерес од локално значење, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 26.08.2024 година.

Број 09–521/3
27.08.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 26 став 1 точка 6 а во врска со член 7 став 1 алинеја 8, член 9 став 2 и член 23 од Законот за експропријација ("Службен весник на РМ" бр.95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16 и "Службен весник на РСМ" бр.122/21 и 111/23), Советот на Општина Демир Капија на XXXVII-та седница одржана на ден 26.08.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За резервирани средства во Буџетот на Општина Демир Капија за експропријација на земјиште за градење објект од јавен интерес од локално значење**

**Член 1**

Со оваа Одлука се резервираат средства во Буџетот на Општина Демир Капија во висина од 314.625,00 денари, за потполна експропријација на земјиште за реализација на јавен интерес од локално значење – "Реконструкција на дел од локален пат с.Корешница-с.Челевец".

**Член 2**

Со експропријацијата за реализација на јавен интерес од локално значење, ќе престане правото на сопственост на физичките лица (приватна сопственост) а ќе се заснова правото на сопственост на Општина Демир Капија (општинска сопственост) на земјиште со вкупна површина од 839м2 и тоа:

- Дел од КП 356/2 новоформирана КП бр.356/3 КО Корешница ИЛ бр.186..............45 м2;
- Дел од КП 356/2 новоформирана КП бр.356/4 КО Корешница ИЛ бр.186............144 м2;
- Дел од КП 356/1 новоформирана КП бр.356/5 КО Корешница ИЛ бр.325..............75 м2;
- Дел од КП 356/1 новоформирана КП бр.356/6 КО Корешница ИЛ бр.325............187 м2;
- Дел од КП 873 новоформирана КП бр.873/2 КО Корешница ИЛ бр.259................8 м2;
- Дел од КП 873 новоформирана КП бр.873/3 КО Корешница ИЛ бр.259................4 м2;
- Дел од КП 873 новоформирана КП бр.873/4 КО Корешница ИЛ бр.259............238 м2;
- Дел од КП 874/1 новоформирана КП бр.874/4 КО Корешница ИЛ бр.512................4 м2;
- Дел од КП 874/1 новоформирана КП бр.874/5 КО Корешница ИЛ бр.512..............54 м2;
- Дел од КП 869 новоформирана КП бр.869/2 КО Корешница ИЛ бр.512................1 м2;
- Дел од КП 661 новоформирана КП бр.661/2 КО Корешница ИЛ бр.479..............31 м2;
- Дел од КП 662 новоформирана КП бр.662/2 КО Корешница ИЛ бр.142..............35 м2;
- Дел од КП 663 новоформирана КП бр.663/2 КО Корешница ИЛ бр.426..............13 м2;

**Член 3**

За експроприраната недвижност на физичките лица сопственици на предметното земјиште ќе му се исплати праведен надоместок кој не може да биде понизок од пазарната вредност на недвижноста, утврдена под услови и на начин согласно со Законот за експропријација, според методологија, правила и стандарди согласно со Законот за процена.
Надоместокот е утврден со Проценка на недвижен имот П.бр.256/1 од 06.08.2024 година

изработена од Друштво за интелектуални услуги и процена МЕТОДА ПЛУС ДООЕЛ Кавадарци.

**Член 4**

Надоместокот за експроприраната недвижност и трошоците на постапката паѓаат на товар на Општина Демир Капија.

**Член 5**

Предлогот за експропријација го поднесува Општина Демир Капија до органот на државната управа надлежен за имотноправните работи (орган за експропријација).

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 507/5
26.08.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2024 година**

Се објавува Програма за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2024 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 26.08.2024 година.

Број 09–521/4
27.08.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.05/02) и член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/2020 и 111/23), Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на ден 26.08.2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2024 година**

Член 1

Со оваа програма се врши измена и дополна на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2024 година (Сл.гласник на Општина Демир Капија бр.15/2023, бр.2/2024, бр.4/2024 и бр.6/2024).

Член 2

Во програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2024 година,

Во глава **V. ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ** се додава нова точка која гласи:

**23. Урбанистички проект за инфраструктура за КП 5599/2 и други, КО Демир Капија, Општина Демир Капија**

Член 3

Програмата влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Демир Капија.

Број 08 – 507/6
26.08.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за именување на членови на Општински совет за социјална заштита**

Се објавува Решение за именување на членови на Општински совет за социјална заштита, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 26.08.2024 година.

Број 09–521/5
27.08.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02) а во врска со член 141 и 142 од Законот за социјалната заштита ("Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), Советот на Општина Демир Капија на 37-та седница одржана на 26.08.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на членови на Општински совет за социјална заштита**

**1.** За членови на Општински совет за социјална заштита, СЕ ИМЕНУВААТ:

1. **ЈУЛИЈАНА ГАЦЕВА**, претставник од општинската администрација;
2. **ТАЊА ПЕТРОВА**, претставник од општинската администрација;
3. **ДУШАН ТРАЈКОВ**, претставник од Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино;
4. **ЕЛЕНА ЛАЗОВА**, претставник од Агенцијата за вработување - Центар за вработување Неготино;
5. **ВЕЛИКА МИЛЕВА**, претставник од МВР - ОВР Неготино;
6. **РОСКА КОВАЦАЛИЕВА**, претставник од ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија;
7. **НАТАША МАНАСКОВСКА**, претставник од ЈОУДГ "БОРИС ТРАЈКОВСКИ" Демир Капија;

**2.** Општинскиот совет за социјална заштита ги има следните надлежности:

- изготвува социјален план за подрачјето на Општина Демир Капија, врз основа на кој Градоначалникот на Општина Демир Капија изготвува годишна програма за социјалната заштита која ја донесува Советот на општината по претходно мислење од министерството;
- предлага локални мерки и активности за социјална заштита.

**3.** Мандатот на членовите на Општинскиот совет за социјална заштита е во траење од 4 (четири) години, со право на повторен избор.

**4.** Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за именување на членови на Општински совет за социјална заштита бр.08-628/12 од 18.08.2020 година, Решение за изменување на решение за именување на членови на Општински совет за социјална заштита бр.08-278/12 од 15.04.2022 година и Решение за разрешување и именување на членови на Општински совет за социјална заштита бр.08-919/20 од 28.12.2023 година.

**5.** Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 507/7
26.08.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за изменување на решението за именување на Командант, Началник и членови на Општинскиот штаб за заштита и спасување**

Се објавува Решение за изменување на решението за именување на Командант, Началник и членови на Општинскиот штаб за заштита и спасување, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 26.08.2024 година.

Број 09–521/6
27.08.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 2 од Уредбата за начинот на раководење и командување со силите за заштита и спасување и командите ("Службен весник на РМ" бр.18/06), Советот на општина Демир Капија на седницата одржана на ден 26.08.2024 година донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За изменување на решението за именување на Командант, Началник и членови на Општинскиот штаб за заштита и спасување**

1. Во Решението за именување на Командант, Началник и членови на Општинскиот штаб за заштита и спасување бр.08-424/13 од 31.05.2022 година ("Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.6/2022)

во точка 1 во алинејата 1 зборовите "Андон Крстевски" се заменуваат со зборовите "Оливер Недев".

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 507/8
26.08.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природна непогода – град на територијата на Општина Демир Капија**

Се објавува Решение за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природна непогода – град на територијата на Општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 26.08.2024 година.

Број 09–521/7
27.08.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 143 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и "Службен весник на РСМ" бр.215/21) и Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на штета настаната од природни непогоди и други несреќи ("Службен весник на РМ бр.98/05, 152/10 и 90/15 и "Службен весник на РСМ" бр.194/19), Советот на Општина Демир Капија на 37-та седница одржана на ден 26.08.2024 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природна непогода - град на територијата на Општина Демир Капија**

**Член 1**

Со ова Решение се формира Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната на ден 18.08.2024 година од природна непогода - град на територијата на Општина Демир Капија, во следниот состав:

- **Слободан Чапов -** дип.инг.агроном-претседател
- **Костадин Николов** - дип.инг.агроном-член
- **Живко Шипинковски -** претставник од Општина Демир Капија – член

**Член 2**

При процена и утврдување на висината на штетата, Комисијата ќе ја применува Единствената Методологија за процена на штетите од елементарни непогоди ("Службен весник на РСМ" бр.181/21).

Проценетите штети, Комисијата ги евидентира на пропишани обрасци и табели согласно Единствената Методологија.

**Член 3**

Комисијата во својата работа ќе соработува со надлежните државни органи, научно-стручни институции и по потреба ќе ангажираат и стручни лица – експерти од соодветната област по претходно добиена согласност од Градоначалникот на Општина Демир Капија.

**Член 4**

Процената и утврдувањето на висината на штетата ги опфаќа видот, обемот и висината на штетата изразена во натура и вредносни показатели, според подрачјето, дејноста, имотот, сопственоста, времето и причината за настанување на штетата.

**Член 5**

За својата работа Комисијата изработува Извештај за процената на штетите во вид на елаборат согласно Единствената Методологија за процена на штетите од елементарни и други непогоди и истиот го доставуваат до Советот на Општина Демир Капија на разгледување и усвојување и до Владата на Република Северна Македонија.

На претседателот и члeновите на Комисијата за работата во комисијата им се определува паричен надоместок во износ од по 5.000,00 денари.

**Член 6**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 507/9
26.08.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за донесување на Годишна програма за работа на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија за учебната 2024/2025 година**

Се објавува Заклучок за донесување на Годишна програма за работа на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија за учебната 2024/2025 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 26.08.2024 година.

Број 09–521/8
27.08.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став (1) точка (6) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02) и член 49 став (8) од Законот за основното образование ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19 и 229/20), Советот на Општина Демир Капија на XXXVII седница одржана на ден 26.08.2024 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За донесување на Годишна програма за работа на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија за учебната 2024/2025 година**

**1.** Се донесува Годишна програма за работа на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија за учебната 2024/2025 година, предложена од Училишниот одбор на училиштето на седницата одржана на ден 03.07.2024 година.

**2.** Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 507/10
26.08.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување еднократна финансиска помош на КАЈАКАРСКИ КАНУ КЛУБ ПРОСЕК Демир Капија**

Се објавува Решение за одобрување еднократна финансиска помош на КАЈАКАРСКИ КАНУ КЛУБ ПРОСЕК Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 26.08.2024 година.

Број 09–521/9
27.08.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02) и Правилникот за определување на критериуми за доделување на финансиска помош, на здруженија на граѓани, фондации и асоцијации од буџетот на општина Демир Капија бр.08-652/15 од 30.07.2018 година, постапувајќи по барањето бр.08-499/1 од 09.08.2024 година, Советот на Општина Демир Капија на XXXVII-та седница одржана на ден 26.08.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување еднократна финансиска помош на КАЈАКАРСКИ КАНУ КЛУБ ПРОСЕК Демир Капија**

**1.** По барање на Здружението КАЈАКАРСКИ КАНУ КЛУБ ПРОСЕК Демир Капија со седиште на ул.Првомајска бр.5 Демир Капија, Советот на општина Демир Капија ОДОБРУВА финансиски средства во износ од **200.000,00 денари**.

**2.** Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Демир Капија, Програма А00 подставка 463 110– трансфери до здруженија на граѓани и фондации, на сметка 210072828850113 на Кајакарски Кану Клуб ПРОСЕК од Демир Капија.

**3.** Здружението КАЈАКАРСКИ КАНУ КЛУБ ПРОСЕК Демир Капија да достави

извештај до советот за тоа каде се потрошени доделените средства.

**4.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 507/11
26.08.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 26.08.2024 година.

Број 09–521/10
27.08.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-480/1 од 30.07.2024 година, Советот на Општина Демир Капија на XXXVII-та седница одржана на ден 26.08.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **30.000,00 (триесет илјади) денари** на лицето **МАТЕА СТАМЕНОВА** од Неготино, заради лекување во странство.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 210700000688642 на лицето Матеа Стаменова од Буџетот на општина Демир Капија, програма А00 ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 507/12
26.08.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---